Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: СОС Детско село Северна Македонија

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар):

Седиште и адреса (улица, број, општина): Ристо Шишков 31, Скопје

Застапник: Јулијана Гапо

Веб страница: https://sos.org.mk/

Електронска пошта (e-mail): info.na@sos.org.mk

Телефонски број за контакт: 071 25 28 55

Лице за контакт: Јулијана Гапо

Здружение на граѓани СОС ДЕТСКО СЕЛО
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-679
25/09/ 2020 год.
Скопје

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија
## за 2021 година

**Наслов на иницијативата:** Квалитет за децата во вон-семејната заштита (Згрижувачки семејства)

**Стратешки приоритет:** (Грижа за сите; Социјална политика;)

**Приоритетна цел:** (Дом за секое дете: додатокот за семејна грижа во згрижувачки семејства ќе се зголеми за 30%.)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Во 2017 година врз основа на анализа на состојбите и постигнувањата на Стратегијата за Де-институционализација 2008-2018, започна процесот на изработка на нова Стратегијата за Де-институционализација 2018-2027.

Во оваа анализа и во стратегијата за Де-институционализација 2018-2027 се истекува дека државата е доминантен давател на институционална грижа, но и на услуги во заедницата. Иницијативите за децентрализација и плурализам на обезбедувањето услуги сѐ уште се во првична фаза, најмногу поради отсуството на регулаторни механизми кои би ги охрабриле различните чинители да обезбедуваат услуги во заедницата, вклучувајќи јавно финансирање на ГО и приватните даватели на социјални услуги.

Визијата на новата стратегијата за Де-институционализација 2018-2027 е систем за испорака на социјални услуги, заснован на пристапот на човекови права и кој ги унапредува правата, вклученоста и достоинството на корисниците.

Со донесувањето на новиот закон за социјална заштита (мај, 2019 година) се овозможи спроведување на процесот на деинституционализација и плурализација на системот на социјална заштита.

Во законот, за заштита на деца без родителска грижа, се предвидени различни социјални услуги меѓу кои е и заштита во згрижувачко семејство.

Како организација која е дел од меѓународната мрежа за заштита и поддршка на деца без родителска грижа и деца во социјален ризик, со 70 години на меѓународно искуство и активен придонес во системот на социјална заштита во Р. Северна Македонија, веќе 18 години, СОС Детско село **предлага:**

1. **Иницијатива за зголемување на <u>надоместокот за згрижување</u> на дете во згрижувачко семејство за 50% по згрижено дете;**
2. **Иницијатива за измена и дополнување на законот за социјална заштита со воведување на „<u>професионален згрижувач</u>" кој ќе добива плата за својот ангажман**.

Иницијатива за измена и дополнување на законот за социјална заштита со воведување на „професионален згрижувач" кој ќе згрижува минимум 3 деца и ќе добива плата за својот ангажман усогласена со членот 4, став (2) од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 140/18, 124/19 и 239/19), Министерството за труд и социјална политика на ден 24.03.2020 година, во Службен весник на РСМ бр.75/20 ја објави висината на минималната плата во бруто – износ во Република Северна Македонија, која започнувајќи од април 2020 година треба да изнесува 21.776 денари.

Првата иницијатива ќе овозможи достоинствен надоместок за ангажманот на згрижувачите кои покрај внатрешната мотивација и хуманата компонента ќе овозможи и соодветни ресурси за квалитетна грижа за децата во згрижувачки семејства.

Втората иницијатива ќе овозможи лицата кои не се вработени, а поседуваат компетенции и услови за грижа за деца, да обезбедат приход и ќе добијат статус на вработени а со тоа и ќе го остварат основниот критериум за стекнување на статус на згрижувач. Ваквото предлог решение нуди двоен бенефит, намалување на стапката на невработеност и зголемување на ресурсот за грижа за деца во најсоодветната алтернативна форма на грижа која е најблиску до семејната - **„згрижувачко семејство"**. Како дополнителен бенефит, ова ќе ја унапреди имплементацијата на Стратегијата за Де-институционализација и ќе ја олесни транзицијата од згрижување на деца во мали групни домови кон згрижување во семејства.

Актуелните информации кои ги добиваме од кампањите за мотивирање на згрижувачи покажуваат дека има многу мал интерес кај општата јавност за станување на згрижувач со што системот на социјална заштита во Северна Македонија се соочува со недостаток на згрижувачи што придонесува кон забавување на процесот на Де-институционализација и недостаток на ресурси за алтернативна грижа за деца без родителска грижа која е најблиска до семејната (згрижувачко семејство).

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Со зголемување на „**надоместокот за згрижување**", ќе се мотивираат повеќе граѓани да се вклучат во системот на социјална заштита како згрижувачи а со тоа ќе се надмине моменталниот предизвик од незаинтересираност за вклучување во заштитата на децата преку згрижување во згрижувачко семејство. Зголемениот интерес за згрижување, директно ќе влијае на зголемување на капацитетите за алтернативна грижа во државата која е вонинституционална и најблиска до семејната средина. Оваа форма на алтернативна грижа, доколку е добро поставена, може да понуди квалитетна поддршка на детскиот развој и позитивни резултати во социјалната интеграција и самостојното живеење за децата по нивното напуштање на системот на згрижување.

Воведување на „**Професионален згрижувач**" во склоп на законот за социјална заштита, кој ќе понуди професионално згрижување за кое ќе добива плата, ќе се зголеми ресурсот на згрижувачи а со тоа и потенцијалот за згрижување во средина најблиска до семејната, ќе се намали процентот на невработеност за лица кои не можат да најдат соодветно вработување, а при тоа поседуваат родителски компетенции и услови за згрижување.

Цената за алтернативна грижа за деца во државата ќе се намалува на долг рок, со оглед на тоа што згрижувањето во згрижувачко семејство има пониски финансиски импликации во споредба со мал групен дом, или станбена единица за живеење со поддршка.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Првата иницијатива ќе предизвика зголемување на 50% на финансиските издатоци за семејна грижа во згрижувачки семејства. Надоместокот за семејна грижа е утврден во „Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за дневен престој и за вон-семејна заштита за 2020".

Втората иницијатива со воведувањето на плата за професионален згрижувач ќе предизвика финансиски импликации од 21.776 ден. за секој регистриран згрижувач.

Во моментов има околу 220 згрижувачки семејства во цела држава кои во просек згрижуваат едно до две деца, што не е доволна за да ги задоволи потребите за згрижување во Р. Северна Македонија.

Овие средства треба да се обезбедат од буџетот на Р. Северна Македонија.

Потпис на застапникот

23.09.2020 година

Здружение на граѓани СОС Детско Село Северна Македонија • Скопје •

М.П.

Јулијана Гапо